ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
“Христо Узунов”
Другово, Кичево
тел/факс 045 266-177
e-mail: *hristouzunov.cou.drugovo@gmail.com*



# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

**Август 2021, Другово**

# *Самоевалвација на училиштето*

## *за период од 2019 - 2021 година*

### ВОВЕД

Наоѓајќи се во време на транзиција и аплицирајќи за влегување во рамноправно членство на Европската унија, на нашата земја покрај другите стандарди и е потребно едно поквалитетно и помодерно образование, како движечка сила кон нејзиниот напредок и просперитет. Образованието е единствениот начин учениците да стекнат знаење и успеси низ кои во иднина ќе се докажуваат и покажуваат во општеството каде живеат. Затоа во нашето училиште се залагаме секогаш да владее пред се хармонија во работата, да се одржуваат меѓучовечките односи на највисоко ниво , работата на наставниците и останатиот стручен кадар да претставува задоволство со се поголема мотивираност и прилагодување на новитетите, а кај учениците успесите да бидат на завидно ниво. Целите и достигнувањата кои ги планираме можат да се исполнат само со огромен труд и работа и посветеност а за тоа ни се потребни и проектите кои ги работиме во нашето училиште: ***Меѓуетничка интеграција, Градиме мостови, Клубот на кодери, проект-антикорупциска едукација на учениците во основното училишт***е и други, каде учениците освен со наставниот материјал кој го учат во текот на учебната година тука учат новитети, наидуваат на различни мислења и толкувања од различни другарчиња, се развива дружбата и остануваат контактите помеѓу нив. Во овие изминати две години за жал се соочивме со неочекувани услови на работа поради пандемијата со Ковид-19 каде поголемиот дел од учењето беше на далечина, но и покрај оваа ситуација раководниот тим, наставниот кадар и стручните служби се обидуваа да биде се во најдобар ред, со почитување на протоколите на работа а сепак да се постигнат одлични резултати.

**Самоевалуација на училиштето**

| **Р.бр.** | **Име на училиштето** | **ОУ’’Христо Узинов’’Другово, Кичево** |
|---|---|---|
| **1.** | **Контакт податоци (тел, факс, е-маил)** | тел/фах 045 266-177<br>hristouzunov.cou.drugovo@gmail.com |
| **2.** | **Период на подготовка** | **2021-2019 година** |
| **3.** | **Број на ученици во училиштето** | **138** |
| **4.** | **Број на подрачни училишта** | **три** |
| **5.** | **УЧИЛИШЕН ДИРЕКТОР** | **Билјана Анѓелеска** ____________________<br>**потпис** |
| **6.** | | |
| **ОДОБРУВАЊЕ** | **( М.П.)** | |

| | | |
|---|---|---|
| **ОД УО** | | |
| **Име и презиме** | **Дејан Стојкоски** ______________<br>**потпис** | |

Самоевалуацијата ќе ја спроведе Училишна комисија составена од пет члена од редот на наставници,стручни соработници,воспитувачи и родители по предлог на директорот а формирана од страна на Училишниот одбот во состав:

| **Р.број** | **Име и презиме** | **Функција** |
|---|---|---|
| **1.** | **Дејан Стојкоски** | **Професор во предметна настава -претседател на Училишен одбор** |
| **2.** | **Јасмина Дејаноска** | **психолог** |
| **3** | **Жаклина Стојановска** | **Професор во одделенска настава** |
| **4.** | **Ивана Витанска** | **Професор во предметна настава** |
| **5.** | **Сарџина Мингоска** | **родител** |

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>❖ **Организација на наставните планови и програми**<br><br>❖ **Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>❖ **Вон-наставни активности** |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Наставни планови и програми**

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Наставни планови и програми<br>Годишни распределенија на наставниците<br>Одделенски дневници<br>Дневни подготовки на наставниците | Со одлука на влада на РСМ и допис на МОН до нашето училиште Март- 2019 година имавме прекин во изведување на наставата со физичко присуство поради пандемија со Ковид-19, така што наставата се изведуваше на далечина на некоја од онлајн-коминикациите.Одделенските наставници како и предметните наставници целосно ги реализираа наставните планови и програми до крајот на учебната година, но мора да се напомене дека поради целокупната ситуација со пандемијата имаше потешкоти во комуницирањето, тимската работа и одржување на постојаната врска помеѓу наставник- ученик и наставник- родител на кој адо тогаш беа сите навикнати .Ги следевме препораките од БРО, ДПИ како и дописите од МОН и целокупниот наставен кадар заедно со стручните служби дадоа се од себе со цел кај учениците да нема заостанување во учењето. |
| Одделенски дневници<br>Записници од Наставнички совет<br>Родителски-наставнички средби<br>Записници од Одделснки заедници<br>Училишен парламент<br>Годишни распределенија<br>Дневни подготовки<br>Додатна /дополнителна-формулари | Во училиштето постојат можности наставниците, родителите и учениците да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми преку стручните органи тела и комисии кои постојат во училиштето. Од аспект на наставниците постојат можности кои и се применуваат за да се прилагоди наставниот план и програма кон локалната средина и тоа по сите предмети при тоа користејќи инвентивност, а имајќи ја во предвид недоволната опременост на училиштето со наставно нагледни средстава. Целокупната работа во однос на воспитно образовниот процес во учебната 2020-2021 година се промени со тоа што после добиената согласност од комисијата формирана од МОН и влада на РСМ по доставеното барање Директорот на училиштето преку општината, учениците од I-V одд, започнаа да следат настава со физичко присуство а учениците од VI-IX одд со помош на единствената изработена платформа за |

| | |
|---|---|
| | реализација на онлајн-настава од МОН (Microsoft Teams) наставата ја следеа на далечина и целосниот воспитно-образовен процес за нив исто така беше на далечина. Во однос на платформата наставниците во месец септември имаа обука и на почетокот имавме потешкотии во поврзувањето кои полека се надминаа. |
| Одделенски дневник-подрачје<br>Соработка со локалната средина<br>Наставни планови и програми<br>Годишни распредленија на наставниците | Наставниците преку своите годишни планирања ги прилагодуваат Наставните планови и програми кон карактеристиките на локалната средина, посебно Одделенските раководители преку подрачјето Соработка со локалната средина го планираат одбележувањето на значајни датуми, преку организирање на разни пригодни приредби и манифестации. |
| Наставни планови и програми<br>Записници од родителски средби<br>Совет на родители<br>Записници од Одделенски заедници,<br>Училишен парламент | Наставните планови и програми им се достапни на родителите, наставниците и учениците. Учениците со овие документи се запознаваат од страна на одделенскиот раководител и предметните наставници на часовите од задолжителната настава, одделенски час како и на сосотаноците со одделенската заедница, училишниот парламент и останатите вонnаставни активности. Родителите се информираат на наставничко родителски средби преку Совет на родители на паралелката и Совет на родители на училиштето, наставниците се запознати од страна на педагогот и, психологот и директорот на училиштето, како и преку семинарите организирани од страна на БРО. Целосно реализацијата на состаноците со родителите како наставничко-родителските средби така и Совет на родители следејќи го протоколот за работа во училиштето за заштита од Ковид-19, во учебната 2020-2021 година беше онлајн односно на далечина. |
| Одделенски дневници<br>Наставни планови и програми | Во нашето училиште постојат покрај задолжителните и изборни предмети со кои кај учениците се развива нивната креативност, начин на разбирање на нештата во околината како и развојот на нивните интерактивни вештини и активности кои би им помогнале во иднина како за снаоѓање во околината така и во работата. |
| Записници од стручни активи<br>Методички работилници<br>Евиденција од педагогот<br>Евиденција од одржани семинари<br>Работилници со психологот | За осовременување и изготвување на насатавните планови и програми за работа на наставниците училиштето обезбедува соодветна помош, пред се од страна на училишниот педагог и психолог се организараат методички работилници, интерни семинари, доста активни се и стручните активи, училиштето е претплатено на стручни списанија, како и обезбедување на присусутво на наставниците на организираните семинари од страна на БРО и МОН на ниво на регион или |

| | |
|---|---|
| | држава.Психологот во училиштето во однос на соодветната програма за работа и во интерес на креативноста поврзано со соодветни претмети или однесувањата на учениците режира работилници преку кои децата можат да ги истакнат своите мисли и идеи и да им помогне во натамошното совладување на содржините во наставните единици. |
| Наставни планови и програми<br>Дневни подготовки од наставниците<br>Рецензија на часовите од страна на училишниот педагог | Во училиштето има можност за интегративен пристап кон содржините кои можат да се вклучат во реализацијата на повеќе наставни предмети. Овој интегративен пристап се согледува во однос на соработката помеѓу одредени наставни предмети кои за да го подобрат квалитетот на наставната програма се служат со истиот. Ваква соработка постои помеѓу предметите каде постои потесна корелација пр: македонски со странски јазици (англиски и германски јазик), математика и физика, геграфија со историја и граѓанска култура,Биологија и Природни науки и др. |
| Одделенски дневник<br>Записници и извештаи од педагогот<br>Реализација на онлајн- предавања и работилници за учениците од страна на педагошко-психолошката служба ( Како да го зачуваме менталното здравје во време на пандемија со Ковид 19; Професионална ориентација кај учениците од деветто одделение- водење записници; Заштита од пороци- презентации итн) | Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој без разлика на пол и етничка припадност.<br>Активностите од задолжителната настава како и активностите од останатите вонnаставно активности се достапни за сите ученици во училиштето, а преку нив се овозможува добра соработка меѓу учениците, стекнување самодоверба и флексибилен пристап во разрешувањето на конфликтите.<br>- Посебно за нас важно беше со почетокот на пандемијата со ковид-19 да ги научиме учениците како да ги почитуваат протоклите на заштита во училиштето( носење маска, држење дистанца, дезинфекција на раце- за оние ученици кои беа со физичко присуство а за останатите преку онлајн- предавања ги потесетувавме да ги почитуваат истите во секојдневниот живот додека трае пандемијата) |
| Одделенски дневник-Грижа за здравјето на учениците | Во училиштето континуирано се води грижа како за менталното така и за физичкото здравје на учениците низ рановидни форми и активности, пред се во рамките на задолжителната настава на |

| | |
|---|---|
| Изработка на училишни брошури од страна на ПП службата | секој наставен предмет каде постои можности (одделенски час, ФЗО, биологија, физика,Природни науки,О пшество и др.), преку планирањето на подрачјето Грижа за здравјето на учениците, каде истите се запознаваат со карактеристиките на пубертетот, болестите на зависност, пороците, односите меѓу половите пред се преку читање на реферати изготвени од страна на одговорниот наставник по биологија, преку предавања од медицински лица кои по потреба ги ангажира училиштето, ликовни изложби во училиштето на одредена здрвстева тема, литературни конкурси и др. |
| Одделенски дневници<br>Наставни планови и програми<br>Рецензија на часови од училишниот педагог и психолог<br>Планот и програмата од Тимот за подршка на Граѓанското образование | За човековите права децата се образуваат од најмала возраст уште од подготвителна година преку содржините на предметот Граѓанско образование, како и во рамките на секој наставен предмет каде постои можности за осознавање на нови вештини и навики кај учениците. Учениците се запознаваат со секојдневните потреби и придобивки преку различните содржини во рамки на часовите по граѓанско образование, исто така во изминатите две години во рамките на истиот предмет се реализираат и содржини од антикорупција.. Преку содржините од предметот Етика учениците учат за предизвиците на современото живеење. Низ примери од традиционалната етика се прави споредба со секојдневието, затоа што сите доаѓаат од различни средини. |
| Одделенски дневник<br>Годишна програма на училиштето<br>Анкетни листови кои секоја година на почетокот на учебната година се спроведуваат за да се испита интересот на учениците за учество во слободните ученички активности | Воннаставните активности кои постојат и работат во училиштето се планирани со Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето се реализраат вонаставни активности како на пример секции по секој наставен предмет, хор, оркестар и интересот на учениците за членување во овие секции е голем, во зависност од способностите на учениците( поради пандемија со Ковид-19 во учебната 2021-2021год) мора да спомнеме дека изведувањето на слободните ученички активности беше сведено на минимум, освен вонаставни активности кои беа реализирани онлајн од одредени наставници а под менторство на советник од БРО.<br>Слободните ученички активности се достапни за сите ученици без оглед на половата припадност. |

| | |
|---|---|
| Анкета за ученици | Во вонnаставните активности  опфатени се сите ученици во училиштето без оглед на нивните способности<br>Придобивките  кои можат да се остварат преку воннаставните активности во училиштето се :<br>Проширување на знаењата,<br>Подготовка на учениците за натпревари,<br>Социјализација на учениците,<br>Рекреација и  забава. |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете гидругите методи кои се користени засобирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за ученици** | **Членовите на тимот** | Учениците самостојно можат да вршат избор на одредени предмети во рамките на изборната настава.   |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање н аподатоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за ученици** | **Ч л е н о в и т е н а т и м о т** | Учениците можат да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми.<br><br> |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за ученици** | **Членовите на тимот** | Вонnаставните активности подеднакво им се достапни на машките и женските деца.   |

| Собирање на податоци(II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете гидругите методи кои секористени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за наставници** | **Членовите на тимот** | При планирањето на сопствената работа од страна на педагогот и психологот во училиштето имаат соодветна подршка и помош.   |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за наставници** | **Членовите на тимот** | Наставниците имаат можност за интегративен пристап кон содржините од Наставните програми.  |

<table>
<tr><th colspan="3">Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</th></tr>
<tr><th>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</th><th>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>Прашалник за родители</td><td>Членовите на тимот</td><td>Наставните планови и програми им се достапни на родителите.<br><br></td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="3">Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</th></tr>
<tr><th>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</th><th>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>Прашалник за родители</td><td>Членовите на тимот</td><td>Родителите можат да влијаат врз начинот на реализацијата на Наставните планови и програми.<br><br></td></tr>
</table>

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- Наставните планови и програми **за учебната 2020-2021 година беа скратени од страна на БРО поради новиот правилник и протокол на работа во училиштето поради пандемијата со ковид -19, и времетраење на часовите по 30 минути;**

- Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН со одредени разлики кои произлегуваат од инфраструктурата на училиштето како и карактеристиките на локалната средина при што наставниците ги користат можно стите за интегративен пристап кон содржините кои што можат да се вклучат во реализацијата на повеќе наставни предмети, а се со цел поквлитетна настава.

- Училиштето е отворена институција за соработка со сите заинтересирани субјекти ;

- Во воннаставните активности се вклучени сите ученици без разлика на способностите, половата и етничката припадност и секако вклучувањето во воннаставните активности е доброволно, ги почитуваме способностите на учениците и правиме проценка на истите како и талентот кој го поседуваат;

- Преку задолжителната настава како и преку сите останати воннаставни активнсоти во училиштето посебно се води грижа за Имплементацијата на правата на децата.

Со секојдневното осовременување на наставата преку учеството на најразлични проекти, а со цел имплементација во системот преку образованието на младите доаѓаме до подобри резултати при реализација на наставата.

- Од месец март 2019 година учениците следеа настава на далечина почитувајќи го дописот од МОН и одлуката на Влада на РСМ поради појава на пандемија со ковид-19, и во овој период до крајот на учебната 2019 не се реализираа воннаставни активности, но сепак идеите и новитетите учениците ги зачуваа за наредната учебна година.

**Слабости**
**-** Целокупната работа во училиштето како за целокупниот воспитно-образовен процес така и за наставните програми и планови поради појавата на пандемија со ковид-19 беше подложена на потешкотии затоа што беше потребен период на адаптација на сите наставници, иако подоцна се покажаа добри резултати;
-Недоволен  број на  семинари за стручно усовршување на наставниците
-  Недоволно стручна литература
-Недоволна  мотивираност на родителите за вклучување  во сите сфери на училишниот живот.

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Наставниците ја планираат својата работа врз основа на наставните планови и програми одобрени од страна на МОН, стручната литература, размена на искуства и целосно ја реализираат својата наставна програма. Планирањата на наставниците се прилагодени на инфраструктурата на училиштето, како и карактериситиките на локалната средина и при тоа е искористена и можноста за интегративен пристап кон содржините во реализацијата на повеќе наставни предмети, а се со цел подобрување на квалитетот на наставата.<br>При планирањето на својата работа наставниците редовно се консултираат со педагогот и психологот на училиштето, и истите се достапни за сите заинтересирани субјекти .<br>Од страна на управата на училиштето сите наставници редовно се информираат за измените и дополните во Наставните планови и програми како и за најновите сознанија од областа на педагогијата, целокупната стручна литература која постои во училиштето, помошта која можат да ја добијат од стручниот соработник, а се со цел поквалитетни планови за работата на наставниците.<br>Наставните планови и програми се достапни за родителите и учениците но, истите не покажуваат доволно интерес.<br>Во училиштето покрај задолжителната настава се реализирааат и програмите на воннаставните активности низ кој учениците ги прошируваат своите знаења, умеења и навики,кои овозможуваат ученикот да ја подобри самодовербата, способноста за лидерство, соработка, програми низ кои учениците ќе научат да водат грижа за сопственото здравје, а да оддолеат на сите негативни влијанија и искушенија кои можат да го загрозат нивното здравје и деструктивно делуваат врз формирањето на здрава личност.<br>Училиштето реализира програма за образование за човекови права и други прашања поврзани со општествените предизвици.<br>Во сите активности во училиштето вклучени се учениците без оглед на различните способности, пол, етничка припадност како и учениците со посебни потреби.<br>Наставниците ги третираат учениците како субјекти, а не како објекти при што ги мотивираат за самостојна активна работа низ која се стекнуваат со чувство на самодоверба. |

| |
|---|
| **Наредни активности: Приоритетни подподрачја( оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>- Обуки за наставниот кадар за професионално напредување во кариерата;<br>-Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар;<br>- Вклучување на поголем дел од родителите во реализацијата на проектите кои се реализираат во училиштето (Имплементација на правата на децата, Граѓанско образование МИО, Градиме Мостови, ), воннаставните активности каде има потреба и можност;<br>-Сугестии на дел од наставниците до БРО и МОН за преобемноста на наставните планови или за недоволна застапеност на одредени наставни содржини по одредени наставни предмети;<br>- Воведување на кабинетска настава;<br>-Укинување на програмата на Кембриџ<br>- Поради реализацијата на наставниот материјал на далечина( за заштита на здравјето на наставниците и учениците од Ковид-19 )повеќето семинари, обуки, презентации од БРО и сл. ќе се изведуваат исто така онлајн. |

# ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје Постигнувања на учениците**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>• **Постигања на учениците**<br>• **Задржување / осипување на учениците**<br>• **Повторување на учениците** |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Постигнувања на учениците**

<table>
<tr><td colspan="2">Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи</td></tr>
<tr><td>Наведете ги сите документи кои се прегледани.</td><td>Кои информации се собрани?</td></tr>
<tr><td>Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за додатна, дополнителна,настава ,СУА,програма за екскурзсии,<br>Програмите од проектите</td><td>Училиштето настојува да ги подобри постигањата на учениците преку одржување на дополнителни и додатни часови, секции по одредени наставни предмети, одржување на слободни ученички активности, натпревари (квиз) меѓу паралелеките,општински , регионални и републички натпревари, кабинетска настава по информатика, опременост на библиотеката, организирани ученички екскурзии, воведување иновации во процесот на наставата, соработка со родителите, како и вклучување во проекти<br>Поради пандемија со ковид 19, секао од информациите кои ги добивавме и од наставници и од родители со цел заштита на здравјето на сите не беа посакувани екскурзиите на учениците иако ги имаме во планот и програмата за работа.</td></tr>
<tr><td>-Годишен извештај за работата на училиштето<br>-Извештај за успехот на учениците<br>-Одделенски дневник</td><td>Учениците од женски пол постигнуваат подобар успех по сите наставни предмети.<br>Поради мал број на ученици од друга етничка припадност не може да се врши споредување на успехот по тој основ.</td></tr>
<tr><td>-Одделенски дневници<br>-статистички извештаи</td><td>Успехот на учениците на крајот од четврто и деветто одделение 2019/2020:<br><br>Предметна настава –четврто до деветто одделение<br><br>
<table>
<tr><th>mak</th><th>ang</th><th>ger</th><th>mat</th><th>ist</th><th>geo</th><th>Gr.o</th><th>bio</th><th>fiz</th><th>hem</th><th>lik</th><th>muz</th><th>fzo</th><th>inf</th><th>to</th><th>Et.rel</th></tr>
<tr><td>4,44</td><td>4.09</td><td>4.05</td><td>3.90</td><td>4.31</td><td>3.93</td><td>4.65</td><td>4.37</td><td>3.92</td><td>4.31</td><td>4.91</td><td>4.69</td><td>4.99</td><td>4.75</td><td>4.61</td><td>4.53</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

| r.komp | etika | Ist. r.k | pri | Op{ | Pr.inf | inovaci | Vestini | tvores | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.00 | 4.60 | 4.53 | 4.34 | 4.12 | 5,00 | 5.00 | 5.00 | 4.82 | 4.46 |




Успехот на учениците на крајот од четврто идеветто одделение 2018/2019:

Предметна настава –**четврто до деветто** одделение

| mak | ang | ger | mat | ist | geo | Gr.o | bio | fiz | hem | lik | muz | fzo | inf | to | Et.rel |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4,12 | 3,93 | 3,80 | 3,67 | 3,32 | 3,21 | 4,43 | 4,20 | 3,87 | 3,70 | 4,64 | 4,12 | 4,91 | 5,00 | 4,67 | 3,81 |

| r.komp | etika | Ist. r.k | pri | Op{ | Pr.inf | inovaci | Vestini | tvores | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4,81 | 4,38 | 4,83 | 4,29 | 4,33 | 5,00 | 5,00 | 5,00 | 4,74 | 4,26 |




| | |
|---|---|
| Одделенски дневници Записници од Одделенски совети,Наставнички совети, | Училиштето врши споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување по различни одделенија, наставни предмети и по пол. Споредувањето го вршат наставниците со анализа и споредба на успехот на секоја измината учебна година. За споредување на резултатите користени се записници од одржаните Одделенски и Наставнички совети, како и од Годишните извештаи. |

| | |
|---|---|
| статистички извештаи | |
| Одделенски дневник | Напредокот и постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето се следи од страна на наставниците, одделенските раководители и педагогот и психологот на училиштето. Со нив се организира дополнителната настава, се соработува со педагогот и психологот , а поголема е соработката и со нивните родители.<br><br>Во нашето училиште има поголем дел обучени наставници кои би работеле со ученици со посебни потреби.<br>За учениците кои имаат попреченост следењето на наставата е според ИОП кој е изработен од страна на инклузивниот тим и е направен во согласност со потребите и можностите кои ги има ученикот по различни предмети. |
| Статистички извештаи за крај на учебната година<br>Одделенски дневник<br>Главна книга | Во училиштето сите учениците го завршуваат основното образование. |
| -Главна книга<br>-Одделенски дневник<br>-Евиденција на стручна служба | Во училиштето се евидентирани случаи за испишување на ученици од оправдани причини, најчесто поради менување на местото на живеење, заминување во странство и др. |
| -Одделенски дневник<br>-Главна книга<br>-Годишен извештај | Во училиштето нема евидентирани ученици што ја повториле годината. |
| -Статут на училиштето | Со Законот за основно образование е регулирана постапката и процедурата за поднесување жалби на незадоволните ученици кои ја повторуваат годината. |

<table>
<tr><th colspan="3">Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</th></tr>
<tr><th>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</th><th>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>Анкети за ученици</td><td>Членовите на тимот</td><td>Учениците се охрабруваат самостојно да размислуваат и активно да се вклучуваат во учењето/наставата.<br><br></td></tr>
</table>

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за ученици** | **Ч л е н о в и т е н а т и м о т** | Учениците постојано добиваат информации за својот напредок.   |

| Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкети за наставници** | **Членовите на тимот** | Педагогот и психологот на наставниците им дава помош за поефикасно планирање на часовите.<br><br> |

| **Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за родители** | Членовите на тимот | За постигнувањата на учениците, родителите се редовно информирани.   |

<table>
<tr><th colspan="3">Собирање на податоци (ii) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)</th></tr>
<tr><th>Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци</th><th>Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации</th><th>Кои информации се собрани?</th></tr>
<tr><td>Анкетиза на наставници</td><td>Членовите на тимот</td><td>Машките и женските ученици подеднакво ги третирате да учесвуваат во сите активности како во задолжителната настава така и во сите останати воннаставни активности.<br></td></tr>
</table>

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје** **<u>2. Постигнувања на учениците</u>**

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- За подобрување на успехот на учениците се напушта традиционалната настава и се применуваат нови активни методи на работа каде ученикот станува активен субјект во наставниот процес.
- Се реализираат многу семинари и обуки на наставниците и стручните служби организиран од БРО, МОН каде се проучуваат новитетите и подоцна се имплементираат во текот на наставата;
- Сите ученици се опфатени во воннаставните активности, а ефектот од работата на овие активности се согледува на разните манифестации организирани од страна на училиштето како и на организираните натпревари на општинско, регионално и државно ниво и меѓународно ниво
- Сите ученици го завршуваат основното образование.
- Континуирано следење на успехот во текот на учебната година како од одделенските раководители така и од стручната служба со цел навремено реагирање кај ученици кои заостануваат а од друга страна поттикнување кај ученици кои континуирано напредуваат;
- Известување на родителите преку одржани родителски средби и наградување на успешните ученици со цел дополнителна мотивација за наредни успеси.

**Слабости**

**-** Неопремени училници- училиштето не располага со кабинети.
- Во ситуација кога се реализира настава во услови на пандемија со Ковид-19 и во учебната 2020/2021 година дел од учениците следеа онлајн-настава, имавме недостаток од електронски уреди каде наставниците во предметна настава ја реализираа истата преку платформата m.teams

Недостаток на современи наставни средства и помагала како и стручна литера
Слаб интерес од страна на родителите за учениците кои покажуваат слаб успех.

**Анализа на резултатите:**
***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Со цел да се подобрат постигањата на учениците наставниците ја напуштаат традиционалната настава и применуваат активни методи и форми на работа, сите ученици беа разлика на пол и етничка припадност се опфатени во другите видови настава и останатите активности во училиштето. Во училиштето според условите организирани се голем број секции по сите наставни предмети, ученички натпревари, програмирано е и организирано изведувањето на производната и другата општествено корисна работа, откривањето на учениците кои се посебно талентирани во одредени подрачја, индивидуална работа на наставниците и педагошко психолошката служба со учениците со посебни потреби. Учениците перманентно се следат во однос на нивните постигнувања од страна на предметните наставнци, одделенските раководители и педагошко-психолошката служба. Се одржуваат најмалку 4 Одделелнски и 13 Наставнички совети на кои се разгледуваат постигнувањата на учениците и се дефинират начините на соработка со оние ученици кои имаат посебни потреби. За успехот на учениците родителите континуирано се известени на наставничко-родителски средби кои задолжително се организираат 4 пати во текот на учебната година и на голем број индивидуални наставничко-родителски средби.

Училиштето споредувањето на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување по одделенија и пол го врши со анализа и споредба на успехот на секоја измината година, според податоците од Одделенските совети и статистичките извештаи.

Успехот кај поголемиот број на ученици во текот на учебната година е послаб додека на крајот на учебната година бележи одреден пораст како по некое непишано правило, а фактор број еден за оваа појава се необјективните барањата на родителите за успехот на нивните деца.

Во училиштето нема забележано испишување на групи на ученици, а и тие ученици кои што заминуваат од ова училиште се многу малку а причина за тоа е преселба или заминување во друга држава како и на група ученици од ПУ сСрбјани кои се запишуваат во ОУ „Санде Штерјоски „Кичево зарди посетување на настава на турски јазик.

Во однос на учењето кај учениците се наложува се повеќе сами да истражуваат на интернет, списанија, стучна литература итн се со цел да увидат како се доаѓа до одредени податоци и факти кои се валидни и според истите како се гради наставната единица во некоја тема по одреден предмет. Малку учениците во годината 2019/2020 како и 2020/2021 беа изложени на стрес и притисок во

| |
|---|
| услови на пандемија со Ковид-19, како и нивните семејства родители, при што сите ние како наставен кадар и колектив имавме во предвид за целокупната состојба и падот во успехот доколку се појави кај одредени ученици. И секако веднаш беа превземани мерки од пп- службата (советувања со родители, ученици и изнаоѓање на причините како и решавање на проблемите). |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>- Унапредување на наставата со употреба на современи наставни средства<br>- Поголемо информирање на учениците за опасности од дрога, алхохол, сексуална злоупотреба преку одделенски часови, огласна табла и училишен весник<br>- Поголема грижа за здравјето на учениците, како и грижа за почитување на протоколите кои беа дадени за постапување по училиштата во услови на пандемија со Ковид-19;<br>- Обезбедување на средства за послабо ситуирани ученици<br>- Подобрување на безбедноста на учениците и кадарот во училиштето |

## УЧЕЊЕ И НАСТАВА

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Учење и настава**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |

**Оддели во рамките на подрачјето:**

- **Планирање на наставниците**
- **Наставен процес**
- **Искуства на учениците**
- **Задоволување на потребите на учениците**
- **Оценување (како дел од наставата)**
- **Известување за напредокот на учениците**

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Учење и настава**

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(i) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Годишни глобални планирања на наставниците<br>Тематски процесни планирања, неделни планирања,дневни подготовки во писмена форма за секој час,планирања за одделенски час, додатна , дополнителна настава,СУ планирања за наставничко-родителските средби и за сите останати воннаставни активности.Во изминатите две учебни години еден наставник изготвуваше и посебни планирања за ученици кои заостануваат односно се со посебни потреби (ИОП заедно со Инклузивен тим. | За успешна реализација на наставните планови и програми наставниците изготвуваат годишни глобални планови и тематски процесни распределенија(програми) за наставниот материјал по одделни предмети. Стручните служби и директорот активно учествуваат во реализацијата на годишната програма согласно со нивната годишна програма и со голема помош од страна на советниците на БРО и Државниот просветен инспектор.За поефикасно планирање ,подршка и помош на наставниците се залага во голема мерка педагогот и психологот на училиштето со организирање на методички работилници ,интерни семинари ,состаноци на стручните активи ,добра соработка со државниот просветен инспектор и советниците на БРО како и организирање на предавања од страна на надворешни компетентни лица кои имаа дозвола за реализирање на истите.<br>Планирањето на работењето наставниците сами го одлучуваат ,а во промената на наставните планови и програми разменуваат искуства со други наставници, и се прибираат информации во разговор со други стручни лица (педагогог,психолог надворешни соработници ,)во училиштето.<br>Во учебната 2020/2021 година поголем дел од семинарите и конференциите како и одредени состаноци со советници од БРО се реализираа онлајн. |
| Извештаи од набљудувани часови од страна на училишен педагог училишен психолог<br>Анкета за ученици | Во последните десетина години се тежнее кон тоа наставата да се реализира со активно учество на учениците односно да постои интерактивна комуникација наставник-ученик, учениците сами повеќе да истражуваат и да пронаоѓаат информации важни за темите што ги обработуваат, бидејќи сега е достапна и интернет комуникација со еден збор ги следиме сите заедно најновите модели на учење. |

| | |
|---|---|
| | Со помош на формативното оценување се следи ученикот преку целата учебна година а преку најразлични форми и активности преку усни и писмени повратни информации ,со методот на самооценување ,преку есејски прашања се оценуваат учениците преку целата учебна година , а исто така се применуваат и стандардизирани тестови кои наставниците ги изработуваат по нивоа и со тоа се опфатени сите типови на ученици.<br>Наставата се изведува во групи од страна на повеќето наставници по повеќе наставни единици,се работи и индивидуално,работа во парови , фронтална форма на работа.Се користат и монолошки и дијалошки метод ,работа со компјутер,работа со текст ,работа со учебник,метод на демонстрација и илиустрација.метод на практична работа , метод на истражување,метод на експериментирање и др.Наставниците користат лепеза на техники како на пример : бура на идеи, круг , ЗСНУ,техника на интервју, пет зошто, грозд техника вртелешка , мисловни мапи и др.<br>За интеракција на учениците се користат од страна на наставникот различни форми,на Пр:Со помош на наставни ливчиња или усно се поставуваат прашања во тек на часот,во повеќе наврати се води дискусија во врска со наставната единица ,индивидуалната настава се реализира со тематски текстови,различни видови на домашни задачи, изработка на модели на цртежи и сл.. |
| Евиденција на стручната служба<br>Евидентни листи за посета на часови | За работата на наставниците оцени даваат директорот,педагогот,психологот според планот на педагошко инструктивната и советодавната работа,советниците и ДПИ .Во текот на изминатите две учебни години во нашето училиште се одржа и интрена обука за формативно и сумативно оценувања во која активно учество зедоа и педагогот и психологот кој составија училишен тим за соработка и подршка во развојот на новите методи и форми на работа на наставниците (во наставата).Интерна обука од страна на стручната служба се одржа на повеќе теми како на пример Учење и настава на 21 век,Улогата на училишниот одбор за меѓуетничка интеграција во образованието,Како насилството да работи за нас-превенција,Демократско учество на учениците во училиштето,Превентивни мерки за намалување или спречување на насилставта во училиштата,Вештини на ненасилна комуникација за почитување на мислењата на другите,Што е семејно насилство,. и други со цел да се допринесе за унапредување на професионалниот развој се организираат интерни семинари,стручни предавања, методички работилници, го збогатуваат фондот на стручна литература во библиотекатакако и се организирааат обуки од надворешни соработници меѓу кои и обуката за Интринзична мотивација,ангажираност и деловно однесување на вработените во училиштата и др. |
| Евиденција за пофалби и награди на | Наставниците се залагаат што поголем број на ученици да учествуваат на натпревари по различни предмети, со ова залагање учениците се поттикнуваат на учество на натпревари и постигнување |

| | |
|---|---|
| учениците<br>Одделенски | успех на истите.<br>Учениците со овие активности воспоставуваат активен однос кон наставата ги прошируваат и продлабочуваат сопствените знаења,а учествуваат на натпревари ученици од различно етничко и социјално потекло.<br>Залагањето на наставниците, стручните служби и директорот на училиштето за што поголемо учество на натпревари во изминатиот период од две години ги дае и очекуваните резултати .Имено учествувано е наголем број општински натпревари по математика, англиски јазик, природни науки, биологија , македонски јазик и др. предмети , како и учество на регионални, државни натпревари англиски јазик, математика како и по македонски јазик учество на меѓународен натправар каде се освоени поголем број на награди.<br>Покрај учениците кои се залагаат и се истакнуваат со учество на натпревари постои и помал дел пасивни ученици во училиштето и покрај големите залагања на наставниците и стручните служби на училиштето.<br>Голем е бројот на ученици кои учествувале на натпревари и имаат освоено голем број на награди, пофалници,и стипендии,дипломи и признанија истакнати на видно место ,без полова поделба и од сите етнички групи и различни нивоа и способности за учење .<br>Со групната форма во наставата учениците се охрабруваат во своите лидерски способности и превземање на лична одговорност ,а работата со компјутери им дозволува уште поголема креативност бидејќи тоа што гоосознаваат на часовите по информатика сега наоѓа примена и во другите предмети ,преку изработка на компјутерски презентации и проекти.<br>Личната одговорност на учениците е изразенаи преку самостојно размислување и работата во групи ,учество во изработкана експерименти и учество во меѓуодделенски натпревари (квизови). |
| Тест за испитување на предзнаењата на учениците<br>Евиденција за работа на стручните активи и секции<br>Одделенски дневник | Педагошко –психолошката служба ги идентификува образовните можности и потреби со тестирање при запишување на учениците во прво одделение.<br>Според потребите,условите и стиловите на учење наставниците организираат индивидуална и индивидуализирана настава ,додатна и дополнителна настава . Формираат дополнителни слободни активности во зависност од интересотна учениците .Со проверка на знаењата се идентификуваат образовните потреби на учениците како и се вклучуваат ученици во реализирање на проектите кои се реализираат во училиштето како на пример во проектот МИО, ЕКО , градиме мостови и др. |
| Одделенски дневници | За да се обезбеди учество на учениците во најразличните активности од страна на наставниците се |

| | |
|---|---|
| Записници за одделенски совет<br>Забелешки на наставниците<br>Програма за дополнителна настава<br>Евиденција на стручна служба | применуваат најразлични анкети и прашалници поврзани со слободните активности и додатна и дополнителна настава.<br>Во училиштето се изведува настава на македонски наставен јазик.<br>Освен класичниот облик на сумативно оценување во последниве години се применува и формативно оценување или оценување низ учењето.<br>Различните способности на учениците ги увидуваат наставниците применувајки најразлични методи и форми во наставата ,а е поврзано и со искуството на наставниците.<br>Критериумите на наставникот се користат според различните способности на учениците . Од учениците да се добие најдоброто што е возможно.<br>Се оценуваат учениците според различните критериуми и се мотивираат со добивање на повисоки оцени, се следи ученичкото однесување ,залагање ,трудољубивост,дисциплина и др. |
| Одделенски дневници<br>Матични книги | Во најновата практика во основното образование се воведува и Е-Дневник кој е идентичен по содржината со класичниот дневник,она што е различно е тоа што е онлајн и за кој е потребна лозинка да се приклучи и родителот и наставникот. Со воведување на оваа најсовремена алатка во образованието се зацврстува нишката меѓу родителот ,училиштето и наставникот.<br>Но наставниците покрај сите горенаведен и предности на Е-дневниците во изминатите две учебни години се сретнуваа и со низа проблеми при внесување на податоци како на пример на крајот на прво полугодие и на крај од учебна година немаат пристап поради преоптовареност, избришани податоци или оценки кои веќе се внесени и др.<br>Освен преку Е-Дневникот информациите за напредокот учениците секојдневно ги добиваат и од предметните наставници и класните (одделенските)раководители,на индивидуалните родителски средби ,на отворените часови на кои е пожелно да присуствуваат и родители ,а се информираат од страна на предметните наставници за присуство на таквите отворени часови и на родителско -наставничките средби кои се одржуваат најмалку четири пати во текот на учебната година .<br>Одделенските совети се задолжени за информациите за успехот на учениците , а се презентираат од страна на одделенскиот раководител,стручната служба,усно преку заеднички родителско-наставнички средби,индивидуални разговори и писмено со евидентни листи и свидетелства.<br>На почетокот на секоја учебна година се одржува заедничко-наставничко родителска средба на која родителчите добиваат брошури за училиштето и се запознаваат со актуелните воспитно-образовни процеси кои се реализираат во училиштето. |
| Програма за работа на Совет на | Со помош на евидентните листови родителите добиваат на писмено информациии |

| | |
|---|---|
| родители<br>Евиденција од наставничко – родителскисостаноци-<br>Одделенски дневник<br>Евиденција за разговори со родители од педагог и психолог | известувањазасекое тромесечие, полугодишните оцени, а за крајот на учебната година добиваат свидетелство.<br>Со новата форма на известување Е-Дневникот родителите секојдневно, континуирано се известуваат за напредокот и проблемите на своите деца (учениците).<br>Во однос на учењето и напредокот или стагнирањето на одредени ученици, освен увидот кој го прават и следат одделенските наставници мерки превзема и стручната служба (педагог и психолог). Доколку забележиме ученици кои стагнирале во учењето или потполно успехот е намален тогашнајпрво организираме советување за ученкот со цел да ги откриеме причините и да се реши проблематиката, а потоа и повикуваме родител на советување со кој правиме план/шема за тоа како на ученикот да му се помогне во учењето кога се во домашни услови. За оние ученици кои отскокнуваат во успехот, односно напредуваат ПП службата изнаоѓа начин како да се поттикнат учениците за дополнителни успешни чекори кај истите. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: Учење и настава**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>Со редовното и квалитетно планирање на наставниот материјал овозможен е и увид во работата на наставникот од страна на стручните служби ,а исто така и увид во програмата и полесно нејзино спроведување од страна на наставниците.<br>Освен глобалното планирање со најновите форми за работа од страна на БРО се воведени и во програмата треба да се обележат наставни единици кои ќе се обработат како дигитални содржини со помош на кои ќе бидат целосно опфатени и учениците во наставата<br>Примена на новите методи на работа од страна на наставниците.<br>Користење на усната повратна информација исто и пишаната повратна информација од страна наставниците со што овозможува еднаков пристап кон сите учениците без разлика на половата припадност.<br>Работата и напредокот на учениците се следи континуирано .<br>Родителите се известуваат континуирано во врска со напредокот на учениците.<br>Стимулирање и поттикнување на учениците на натпреварувачки дух, меѓусебно почитување,помагање и соработка, преку избор на најдобар ученик на од петто до деветто одделение. |
| **Слабости**<br><br>Со примена на ИКТ во наставата намалени се слабите страни, а со обуките низ кои поминуваат наставниците исто така се намалуваат слабостите.<br>Недоволен дел на наставно нагледни средства по одделени наставните предмети.<br>Недостаток на кабинетска настава.<br>Овде може да спомнеме дека во однос на учењето но секако оправдано (поради пандемијата со Ковид-19) учениците кои целосно следеа онлајн-настава а тоа се учениците од шесто-деветто одделение низ разговор со одделенските раководители и стручната служба се изјаснија дека не е исто следење на настава онлајн и онаа кога сите сме физички присутни во училницата. И тоа во суштина сите го знаеме и учениците кои послабо ги усвоиле наставните единици по одредени теми се договоривме да се посвети внимание кога наставата ќе започне со физичко присуство. |

Активноста, интеракцијата,  комуникацијата нмаставник – ученик, дијалогот како еден метод на работа во наставата, и на крај рефлексијата која ја даваат учениците не може да се замени со онлајн – настава.

**Самоевалуација на училиштата:** **Подрачје: Учење и настава**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:**<br><br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
| Во насока на реализацијата на наставните планови и програми на почетокот на секоја учебна година наставниците подготвуваат глобални, тематск –процесни и неделни планирања како дневни подготовки во вид на писменаформа.<br>Ја планираат и програмираат работата за одделенски час, програми за додатна и дополнителна настава, слободни ученички активности, проектите кои се реализираат во училиштето ЕКО , МИО, градиме мостови и сите останат и воннаставни активности.<br>Ваквото планирање постојано се следи и контролира од страна на училишниот педагог, психолог и директорот на училиштето како и од страна на државниот просветен инспектор и советникот на БРО, а на наставниците на кои им е потребно поготово на наставниците почетници им се дава и стручна помош при планирањето.<br>При изведувањето на наставниот процес поголемиот дел од наставниците применуваат современи форми и методи на настава при што ученикот се покажува како субјект, но има и многу мал дел наставници кои сеуште изведуваат класична настава во одрдени периоди што предизвикува здодевност кај учениците и нарушување на дисциплината на часот.<br>Како во задолжителната така и во сите останати видови настава сите ученици без разлика на полот, етничката и социјалната припадност како и различните способности за учење имаат еднаков третман, но кај многу мал дел од наставниците може да се забележи дека не ги почитуваат индивидуалните потреби на учениците.<br>Работата на наставниците се оценува од страна на директорот, педагогот, психологот, државниот просветен инспектор, советникот на БРО преку нивните постигања, увидите во планирањата на наставниот процес, годишно глобално, тематско, планирање, дневните подготовки, посетата на часовите од задолжителна настава и сите останати воннаставни активности, работата на стручните активи, учеството на натпревари, проекти, семинари , следење на стручната литература, одржување на интерни семинари .<br>Учениците најчесто се мотивираат со пофалби, признанија и награди. Трудовите на учениците без разлика на полот и етничкатта припадност континуирано се изложуваат во училиштето.<br>Оценувањето на учениците не е секогаш објективно, затоа што во текот на учебната година кај поголемиот број на ученици успехот е послаб додека на крајот на учебната година видно се зголемува.<br>Многу мал дел од наставниците се уште користат класични методи на оценување на напредокот на учениците односно усно и писмено (тестови, писмени работи, контролни вежби), додека оценувањето на учениците со различни способности е препуштетно на |

| |
|---|
| искуството на самите наставници и нивните убедувања, но поголемиот дел на наставници користат формативно, сумативно оценување имаат изготвено посебни прилагодени програми за ученици кои имаат заостанување во напредикот и според посебни методи ги оценуваат како и реализирани се семинари за наставници за оценувањето на учениците како итерни така и семинари организирани од БРО или од страна на управата на училиштето со надворешни соработници.<br>За учениците кои послабо напредуваат во совладувањето на наставниот материал во училиштето се организира дополнителна настава, додека за оние кои повеќе напредуваат се организира додатна настава или пак се применува индивидуална настава.<br>Учениците за својот напредок добиваат информации од одделенскиот раководител и предметниот наставник.<br>Соработката на училиштето со дел од родителите не е на задоволително ниво особено со родителите на учениците од петто-деветто одделение но и покрај заложувањето од страна на управата на училиштето и наставниците родителите покажуваат помал интерес за постигањата и дисциплината на нивните деца ,како и одбивањето да се вклучат во активностите и работата во училиштето каде има потреба, може слободно да кажеме дека кај дел од родителите заинтересираноста е најголема на крајот на учебната година и тоа само во врска со постигањата на учениците.<br>За успехот на учениците родителите редовно се информираат преку наставничко-родителски и индиидуални средби. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>• Перманентно стручно усовршување на наставниците, за примена на современи форми и методи во наставата.<br>• Воведување на соодветно наградување за постигнатите резултати на наставници и ученици.<br>• Обезбедување на достапност до иновациите во наставата за стручните служби и наставниот кадар во училиштето. |

## ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| |
|---|
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>**4.1. Севкупна грижа за учениците**<br>**4.2. Здравје**<br>**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br>**4.4. Следење на напредокот** |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Прегледани документи | Собрани податоци |
|---|---|
| - Програма за работа на директорот<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Педагошка евиденција и документација на стручните соработници (соработка со локална заедница и индивидуални разговори со ученици и родители)<br>- Акционен план за превенција од насилство<br>- Податоци за организирана исхрана на учениците<br>- Извештаи од посети на трибини и предавања<br>- Евиденција од индивидуална работа со | Училишниот простор е делумно безбеден за изведување на настава во централното училиште поради неограденоста на училиштето но со години се провлекува истиот проблем кој е настанат со судскиот спор со кое граничи училиштето за што е известена општината и МОН а по разрешување на истиот училиштето може да се огради веднаш. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното.Инфраструктурата во училиштето (мебелот,скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот и итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места кои не можат да се избегнат ,се посебно означени или оградени.Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот и истиот е усвоен од страна на Дирекцијата за заштита и спасување.<br>Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на |

| | |
|---|---|
| ученици со емоционални и социјални потешкотии | насилство.. Вработените ја знаат својата улога и одговорноста  во процесот на заштита на децата и водат грижа за нивните права и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручните соработници а по потреба и со релевантни институции<br>Ретките конфликти кај учениците кои се јавуваат во училиштето  се надминуваат преку разговорите со оделенските раководители, родителите, стручните соработници, предметните наставници и други институции.<br>Согласно Законот за основно образование психологот одржува советување со родители и ученици после секое тромесечие.<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци.Учениците самостојно имаат изработено знаци за забрана од пушење, користење на алкохол и наркотични средства.<br>Користејќи соодветни наставни содржини наставниците им обрнуваат внимание за здрава исхрана на учениците. Училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот.<br>Во училиштето се води грижа за обезбедување на прибор за работа за учениците од социјално загрозените семејства, бесплатни посети на екскурзии, музеи, театри и слично.Во соработка со локалната заедница. |
| - Педагошка документација<br>- Список на дежурства на наставниците<br>- Одделенски дневници<br>- Евидентна книга со записници од дневни дежурства<br>- Правилници | Во училиштето се води грижа за хигиената, особено за тоалетите кои ги користат учениците. Истите секојдневно се дезинфицираат како и санитариите во нив. Хигиената е на високо ниво како во училниците така и во ходниците, по скалите и во сите други простории во училиштето. Прозорците, вратите и другиот инвентар генерално се чистат по два пати во секое полугодие. Училишниот двор и сите земјени и тревни површини редовно се одржуваат од страна на техничкиот персонал и хаус мајсторот но, и од учениците од сите паралелки кои имаат определен дел кои сами го чистат еднаш месечно.<br>Училиштето има  изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците.<br>На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со |

| | |
|---|---|
| | нивните родители, |
| - Записници од родителски средби<br>- Програма за професионално информирање и ориентирање на учениците<br>- Одделенски дневници<br>- Анализи и информации од спроведени анкети, индивидуални и групни разговори со учениците<br>- Резултати од зададени мерни инструменти<br>- Флаери,кокнкурси, писма...<br>- Евиденција од советодавна работа на стручните соработници<br>- Евиденција од остварена соработка со локалната заедница (релевантни институции) | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користње на кариерното катче , користење промотивни материјали од образовните институции (флаери), за професионална информација и ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршување на основно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија-CV, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на одделенскиот раководител и стручните соработници. Во училиштето се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците.<br>Исто така се водат индивидуални и групни разговори со учениците пред запишувањето во средно образование при што се насочуваат согласно покажаните знаења и одредени способности кои ги поседуваат. За учениците кои не се определени за избор на занимање се организира советување и со нивните родители.<br>Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални потешкотии, при што се води грижа за социо културниот статус на семејствата, социјална негрижа, ситуациии на појава на болест во семејството, отсуство на еден од родителите.Со овие ученици и родители советодавно се работи од страна на наставниците и стручните соработници, а доколку е потребно се упатуваат во релевантни институции . За учениците кои имаат и некој вид попреченост според новиот Закон за основно образование се изготвува ИОП од страна на инклузивниот тим на ниво на училиштето како и постои инлузивен тим за самиот ученик, според кој се смета дека ученикот по скратена програма ќе следи настава и ќе покаже резултати а постојано увид прави инклузивниот тим.<br>Доколку напредок не се појави тимот се советува со надлежниот инспекторат со цел да дадат препораки. |

| | |
|---|---|
| Полугодишен и годишен извештај на училиштето<br>Одделенски дневници<br>- Записници од Одделенски и Наставнички совети<br>- Записници од состаноци на Советот на родители<br>- Записници од состаноци на Училишен дбор<br>- Записници од Стручни активи<br>- Евиденција и документација на стручните соработници<br>- Анализи и извештаи за успехот и однесувањето на секој класификационен период<br>- Евиденција на новодојдени и заминати ученици<br>- Деловодник на училиштето | Напредокот, односно постигањата на учениците редовно се следат преку одржаните одделенски и наставнички совети. Присутноста, односно редовноста на учениците континуирано се следи и евидентира од страна на предметните и одделенските наставници и стручните соработници.За учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава се применуваат, односно изрекуваат соодветни педагошки мерки.<br>Родителите на учениците кои имаат намален успех во учењето, нередовно ја посетуваат наствата или несоодветно се однесувааат се поканувaат на советување од страна на одделенските наставници и раководители, а советувањето го спроведува психологот на училиштето согласно Законот за основно образование.<br>Евиденцијата за напредокот и редовноста на учениците е достапна за сите заинтересирани целни групи.<br>За истото тие се информираат од извештаите на одделенските и наставничките совети, а учениците и родителите на одделенските часови, односно на одржаните родителски средби и приемни денови и состаноците на Ученичката заедница.<br>Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој(од прво до трето одд. деветгодишно образование).Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните спораработници и родителите на ученикот/ученичката. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, одделенските/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>Наставниците и стручните соработници подготвуваат редовни извештаи и анализи на крајот на секој класификационен период, по пол, премети и етничка припадност, споредбено три години station наназад.<br>На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преведница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот заведена во Деловникот на училиштето и ученичка книшка, писмена согласност за префрлување во друго училиште и согласност за прифаќање од другото училиште. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Методи кои се користени за собирање на податоци | **Одговорни за собирање на информации** | Собрани информации |
|---|---|---|
| - Прашалник за наставници | | - Од наставници, на тврдењето " Учениците соодветно се однесуваат на часовите" се согласувам одговориле 18 (75%), делумно се согласувам6 (25%) и не се соглсувам 0(0%)<br>- На тврдењето "Родителите ми даваат поддршка кога треба да се задоволат индивидуалните потреби на нивните, но и на другите деца" се согласувам одговориле 16(66,7%), делумно се согласувам 2 (8,3%) не се согласувам 6 (25%).<br>- На тврдењето "Во училиштето се безбедни сите простории и инвентарот во нив" се согласувам одговориле 20(83,3%), делумно се согласувам 2(8,3%), не се согласувам 2(8,3%).<br>- За прашањето "Задоволен/на сум од хигиената во училиштето" добиени се следниве одговори: се согласувам 22(91,7%), делумно се согласувам 1(4,2%) и не се согласувам 1(4,2%).<br>- На отвореното прашање "Кои форми на несоодветно однесување кај учениците се присутни во училиштето?" најчести одговори се:ретки вербални и физички контакти, неприсуство на редовна настава и емоционална неподготвеност на учениците.<br>- Прашалник за ученици |
| | | - Од вкупно ученика на тврдењето " Задоволен сум од одржување на хигиената во училишните тоалети" се согласувам одговориле100 (73,1%) , делумно се согласувам 20(14,6^)и не се согласувам 17(12,4%).<br>- На тврдењето "Треба да се превземат построги педагошки мерки за учениците кои ја нарушуваат атмосферата во училиштето" се согласувам одговориле 120(80,3%), делумно се согласувам 17(12,4%) не се согласувам 10(7,3 %).<br>- На тврдењето "Во училиштето се чувствувам заштитено од учениците кои покажуваат насилничко однесување" се согласувам одговориле 127(94,7%), делумно се согласувам 10(7,3 %) и не се согласувам 0 (0%). |

| | | |
|---|---|---|
| | | - На тврењето “Задоволен/на сум од поддршката која ја добиваме од педагогот и психологот на училиштето“ се согласувам одговориле 127(92,7%), делумно се согласувам 10 (7,3%) и не се согласувам 0(0%).<br>- Прашалник за родители |
| | | - Од  родители на тврдењето “Вработените се ангажирани околу однесувањето и безбедноста на нашите деца при нивното доаѓање, за време на одморите и при нивното заминување од училиште“ се согласувам одговориле 50 (83,3%), делумно се согласувам 6 (10%) и не се согласувам 4 (6,7%).<br>- На тврдењето: “Наставниците користат различни форми и методи на оценување“ се согласувам одговориле 46 (76,7%), делумно се согласувам 14(23,3%) и не се согласувам 0 (0%).<br>- На тврдењето “Училиштето му помага на моето дете во изборот  на неговото понатамошно образование“ се согласувам одговориле 54 (90%), делумно се согласувам 5 (8,3%) и не се согласувам 1 (1,7%)<br>- На тврдењето “Стручните соработници им даваат поддршка на учениците и родителите“ се согласувам одговорили 57(95%), делумно се согласувам 3(5%) и не се согласувам 0(0%). |
| -Интервју  со стручните соработници | | - Училиштето дава писмена согласност на барање од родителите при префрлување од друго училиште во нашето која е евидентирана и архивиранас.<br>- Во отсуство на податоци  за учениците кои доаѓаат  од друго училиште  или пак се запишуваат  во ова училиште, стручните соработници контактираат со  своите колеги и добиваат информации  за нивниот успех и однесување, социо-културниот статус на семејството, нивната здравствена сосојба итн. |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>- Редовно се вршат, следат и евидентираат систематските прегледи за здравјето на учениците – задолжителни вакцинации и стоматолошки прегледи за кои се информирани и родителите<br>- Успешно се соработува со Заводот за ментално здравје и Центарот за социјални работи<br>- Континуирано информирање на родители за здравствената состојба на нивните деца<br>- Постојана соработка на наставниците со стручните соработници во надминувањето на емоционални потешкотиите на кои наидуваат учениците како и во учењето и однесувањето<br>- Следење на професионалните интереси и желби на учениците за нивното понатамошно образование од страна на стручните соработници<br>- Редовно анкетирање и водење на индивидуални и групни разговори пред уписите во средно образование<br>- Достапна евиденција за неоправданото и оправданото отсуство од настава за секој класификационен период<br>- Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување во училиштето преку редовни родителски средби и приемни денови.<br>- При оценувањето наставниците користат различни форми, методи и техники со цел да го следат напредокот на учениците<br>- Целосно почитување на законската регулатива при запишувањето и отпишувањето на учениците во училиштето со водење на уредна документација и давање писмена согласност |
| **Слабости**<br>Иако родителите навремено се информираат за било каква проблематика кај учениците ( недисциплина, нередовност, намален успех, повреда на личност – пр наставник, соученик , омаловажувања итн) од страна на одд. раководител и од стручна служба, сепак сеуште постојат родители кои за своите деца иако знаат дека постои одреден проблем тие го прикриваат или избегнуваат да соработуваат.<br>Во случај кога немаме соработка со родителите слободно може да кажеме дека една алка во процес на советување недостасува а со самото тоа и нема резулат во однесувањето кај ученикот.<br>Навремено и доследно изрекување на педагошки мерки кај учениците. |

**Самоевалуација на училиштата:** **Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите:** |
| Училишниот простор е делумно безбеден за изведување на настава имено главна причина е неограденоста на училиштето но поради судскиот спор со граничното земјиште за што е запознато МОН и Општина Кичево не сме во можност да го оградиме. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното.<br>Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност од повреди на учениците. Сите опасни места кои не можат да се избегнат се посебно означени или оградени..Педагогот на училиштето е сертифициран за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот и истиот е усвоен од страна на Дирекцијата за безбедност и спасување. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизми за справување со евентуална појава на насилство.Изготвен е Акционен план за превенција од насилство , протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите .<br>Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.<br>Училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот.<br>Во училиштето се води грижа за обезбедување на прибор за работа за учениците од социјално загрозените семејства<br>Во училиштето се води грижа за хигиената, особено за тоалетите кои ги користат учениците.Истите секојдневно се дезинфицираат како и санитариите во нив.<br>Училиштето врши следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците.<br>На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверување на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи.Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование. За таа цел организира сопствени активности, користње на кариерното катче, користење промотивни материјали од образовните институции (флаери, трибини, презентации од државните и приватни средни училишта.) за професионална информација и ориентација на учениците. |

| |
|---|
| Во учебната 2020/2021 година психолог на училиштето заедно со администраторот изработија брошури за зачувување на менталното здравје на учениците во време на пандемија со Ковид-19 а подоцна психологот педагогот реализираа презентација на истата тема преку платформата m.teams. Целта беше родителите и учениците да бидат запознати со основните начини за тоа како да се заштитуваат и на ментално ниво, што децата треба да прават, а зборувавме и за протоколите за заштита на здравјето, правилниците кои треба да се почитуваат во училиштето а и секако постојано да ги советуваат своите деца за мерките за заштита и општо во секојдневниот живот.<br>Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални потешкотии, при што се води грижа за социо културниот статус на семејствата,ситуациии на појава на болест во семејството, отсуство на еден од родителите, социјална негрижа...Со овие ученици и родители советодавно се работи од страна на наставниците и стручните соработници, а доколку е потребно се упатуваат во релевантни институции<br>За психичкиот и физичкиот развој на учениците стручните соработници и одделенските наставници добиваат информации од родителите на децата уште при уписот во прво одделение.<br>Училиштето континуирано води евиденција за поведението на учениците, нивната редовност и развој и истата се користи за подобрување на нивните постигнувања.На учениците кои преминуваат во друго училиште им се издава преводница со печат и потпис од одделенскиот раководител и директорот, заведено во деловодникот **,** писмена согласност за префрлување во друго училиште и согласност за прифаќање од другото училиште. |
| **Приоритетни подрачја**<br><br>- Поголема ангажираност на Центрите за социјална работа за откривање и надминување на социјалните проблеми кај учениците<br>- Поголема заангажираност и на родителите за своите деца, искреност и реално толкување на проблемите кои се појавуваат со цел реално соочување со истите и на крај нивно решавање;<br>- Навремено и доследно изрекување на педагошки мерки кај учениците. |

## ЕТОС

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје: ЕТОС**

| |
|---|
| ***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***<br><br>***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***<br><br>***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***<br><br>***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.*** |
| **Оддели во рамките на подрачјето:**<br><br>- Училишна клима и односи во училиштето<br>- Промовирање на постигањата<br>- Еднаквост и правичност<br>- Соработка со родителите и локалната заедница |

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Кодекс на ученикот<br>Кодекс на наставникот<br>Записници од Наставнички и Одделенски совети | Нашето училиште  е познато дека  со години наназад  во колективот  се негува традиција на добри меѓусебни  односи.<br>Во нашето училиште генералносе почитуваат кодексите на учење, однесување кај учениците и работа и однесување кај наставниците;<br>Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување. |
| Кодекс на ученикот<br>Записници од Наставнички совет,Одделенски совет,<br>Записници од Детска организација,<br>Заедница на пралелката | Нашето училиште преку различни видови на активности настојува да им се пружи на учениците правилен физички, емоционален, социјален и  психички развој. Целта на нашето училиште е учениицте  училиштето да го прифатат како свој втор дом, во кој ќе се социјализираат, ќе го развиваат другарството, толеранцијата и љубовта кон своите соученици, љубовта и  почитувањето кон  наставницит,  самодовербата  и почит кон другите.<br>Односите меѓу учениците од ист пол посебно кај женскиот пол се исполнети со взаемно почитување, другарство и толеранција.<br>Односите меѓу учениците од различен пол се на задоволително ниво, а сите фактори во училиштето се трудат тие да се подобрат.<br>Во нашето училиште односот меѓу учениците од различно етничко потекло е исполнет со почитување, а зборот дискриминација е термин во училиштето кој воопшто не е познат, во смисла  да се спроведува или воопшто да постои ниту верска, ниту полова, ниту во однос на умствените или физичките спсобности на учениците. |

| | |
|---|---|
| | |
| Евиденција за запишување во прво одделение<br>Одделенски дневник<br>Педагошки и психолошки тест за проверување на предзнаењата на законските обврзници<br>Документација од стручната служба | Во составот на паралелките во училиштето покрај учениците со добро ментално и физичко здравје се прифаќаат и ученици со посебни потреби. Запишувањето во прво одделение за учебната 2020/2021 година се реализираше во месец јуни после добиениот допис од МОН со почитување на протоколите за учење и работа во училиштата во услови на пандемија со Ковид-19, и помина успешно без потешкотии. Во училиштето бројот на учениците кои послабо напредуваат ,односно имаат потешкотии во совладувањето на наставните планови и програми во изминативе две години е многу мал односно двајца ученици од одделенска настава (еден ученик во ПУ с.Брждани, и вториот ученик во ПУ. Подвис) истите се доста добро прифатени како од страна на учениците така и од страна на наставниците. |
| Евиденција за советодавна работа со ученици, наставници и родители (стручна служба )<br>Одделенски дневник<br>Извештаи на одделенски совет<br>Правилник за пофалби, награди и педагошки и мерки | Најчести проблеми во однос на поведението има кај учениците кои нередовно доаѓаат на училиште, а нивниот број е многу мал односно тоа во изминатите две учебни години се однесува на двајца ученици за кои согласно Законот за основно образование се превземни сите соодветни мерки и известен е ДПИ подрачна единица Кичево.<br>Советувања со родители редовно реализира психологот според однапред дадени формулари од МОН, и тоа се прави на секое тромесечие за различни проблеми кај учениците доколку се јавиле а најчесто по 3 основи (намален успех, нередовно посетување на настава и недисциплина). Педагогот исто така реализира советодавни разговори и заедно со психологот одлучуваат за решенија на извесни проблеми кои се појавиле кај учениците за на крај да се донесе заклучок како ќе се постапи со истите ученици а секако во консултација со одделенските раководители. Советувањата во услови на пандемија со Ковид-19 се реализираа онлајн, осдносно на далечина.<br>Дисциплината е на задоволително ниво во нашето училиште и не се случиле некои поголеми |

| | |
|---|---|
| | инциденти. Што се однесува на мерките изречени во однос на поведението тие имаат еднакво влијание и врз машките и врз женските деца и врз децата од различно етничко потекло. Училиштето преку разни форми се залага за подобрување на поведението и дисциплината на учениците и тоа преку: разговор со учениците, разговор со родителите,посета на домот на ученикот, зголемено дежурство од страна на наставниците, организирање на дополнителна настава со послабите ученици одржани советувања од страна на психолот со родители и ученици и др. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за работа со родители<br>Програма за ученички екскурзии<br>Евиденција на стручна служба | Соработката на училиштето со надворешните субјекти е планирана во Годишната програма за работа на училиштето. Нашето училиште е отворено за сите надворешни субјекти со кои може да соработува, а особено во реализацијата на воннаставните активности. Училиштето најмногу соработува со локалната самоуправа, месната заедница, Медицинскиот центар, Црвен крст, Локалните медиуми, МВР, Градска библиотека, Музејот на НОБ за западна Македонија, со стопански организации и објекти на инфраструктура од Кичево. Поради појава на пандемија со Ковид 19, и зачувување на здравјето на сите ученици и наставници како и родители, не беа реализирани планираните екскурзии за учебната 2020/2021 година. |

**Самоевалуација на училиштето:** **Подрачје:ЕТОС**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| Одделенски дневник<br>Записници од одделенски совет<br>Евиденција на стручна служба<br>Програма за одбележување на значајни датуми | Аспекти кои не прават горди на нашето училиште се тие што училиштето е среќна , здрава и дисциплинирана средина која на учениците им нуди образование кое ги негува и унапредува нивните капацитети, ги почитува нивните интреси и склоности и им нуди можности да направат избор и да се реализираат себеси преку воспитно-образовниот процес, тоа е место за постигнување на солидни воспитно-образовни резултати на учениците а доказ за тоа се големиот број на награди и признанија освоени на разни општински, регионални и републички натпревари, како и учеството на голем број културни манифестации<br>За да се промовираат личните постигања на сите ученици без разлика на полот и способностите за учење во училиштето покрената е иницијатива за воспоставување на систем на вредности и сиситем на наградување.Нашето училиште им дава можност на сите ученици да учествуваат на сите видови натпревари и разни манифестации. |
